Врз основа на член 26 став 2 од Законот за рибарство и аквакултура ("Службен весник на Република Македонија" бр. 07/08 и 67/10, 47/11 и 53/11) и Одлуката за распишување на јавен конкурс за давање на концесија за вршење стопански риболов на рибите од риболовните зони на Дојранското Езеро ("Службен весник на Република македонија" бр. __ Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за давање на концесија за стопански риболов на рибите од риболовните зони на Дојранско Езеро**

*I ПРЕДМЕТ*

1.1. Предмет на јавниот конкурс е давање на концесија за вршење стопански риболов на рибите од риболовните зони на Дојранско Езеро.

1.2. Рибите од риболовните зони од точка 1 на оваа одлука се даваат на концесија за период од шест години .

Стопанскиот риболов ќе се врши на два начина:

- со употреба на "мандри" и корморани со старите традиционални дојрански чамци (кораби ) и соодветен риболовен алат и
- како комерцијален риболов на отворена вода.

*II ПРАВО НА УЧЕСТВО*

2.1. Право на поединечно учество на конкурсот имаат домашни и странски правни лица кои ги исполнуваат следните услови:

- се регистрирани за дејност рибарство,
- имаат вработено најмалку едно лице со високо образование од областа на природните науки (рибарство) или склучен договор за соработка со научна или образовна установа од областа на рибарството и
- располагаат со минимум опрема потребна за вршење риболов утврдена во риболовната основа за Дојранското Езеро.

*III ВИСИНА НА НАДОМЕСТ*

3.1. Висината на надоместокот за концесија на рибите за вршење стопански риболов за шест години е утврдена во риболовната основа за Дојранското Езеро и изнесува минимум 7.980.000,00 (седум милиони деветстотини и осумдесет илјади) денари.

3.2. Надоместокот за концесијата за вршење стопански риболов е приход на Буџетот на Република Македонија и се плаќа на шест еднакви годишни рати од кои првата рата се плаќа со потпишување на договорот.

*IV ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМ ЗА ИЗБОР*

4.1. Постапката по јавниот конкурс за давање на рибите на концесија ја спроведува комисија формирана од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4.2. Постапката за избор на најповолен понудувач ќе се спроведе и доколку на конкурсот конкурира само едно правно лице.

4.3. Единствен критериум за избор на најповолен понудувач е висината на понудениот надомест за концесија.

4.4. Изборот на најповолен понудувач ќе биде по пат на електронско наддавање од страна на понудувачите кои ги исполнуваат условите од дел II

точка 2.1 на овој конкурс. Начинот на изведувањето на наддаавањето ќе биде утврден во тендерската документација.

4.5. Почетниот износ за јавното наддавање е висината на минималниот надоместок за концесија на рибите за вршење стопански риболов утврден во дел III точка 3.1. на овој конкурс.

4.6. Комисијата ја подготвува тендерската документација во рок од седум дена од денот на објавување на јавниот конкурс и истата ќе може да се подигне од архивата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

4.7. Заинтересираните правни лица кон понудата на овој конкурс треба да ги поднесат писмените докази за исполнување на условите од дел II точка 2.1. на овој конкурс и потребната документација утврдена во тендерската документација.

Понудите кои не ги содржат бараните писмени докази и потребната документација ќе се сметаат за некомплетни и нема да можат да учествуваат на електронското наддавањето.

## *V НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ*

5.1. Понудите заедно со потребната документација се доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

5.2. Понудата се доставува во еден оригинален примерок заверен со официјален печат на правното лице и потпишан од одговорното лице на понудувачот.

5.3. Заинтересираните правни лица понудата ја доставуваат во затворен плик преку пошта на адреса: Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство ул. Јуриј Гагарин број 15 1000 Скопје или со предавање во архивата на министерството секој работен ден од 9,00 до 15,00 часот.

На предната страна на пликовите во горниот лев агол треба да пишува “НЕ ОТВОРАЈ”, а во средината “ЗА ЈАВЕН КОНКУРС ЗА ДАВАЊЕ НА КОНЦЕСИЈА ЗА ВРШЕЊЕ СТОПАНСКИ РИБОЛОВ НА РИБИТЕ ОД РИБОЛОВНИТЕ ЗОНИ НА ДОЈРАНСКОТО ЕЗЕРО”. На пликовите не смее да има никаква друга ознака и/или податоци. Пликовите на кои ќе има било каква друга ознака и/или податоци, освен горе наведените, нема да се разгледуваат.

## *VI РОК НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДИ*

6.1. Јавниот конкурс трае 52 дена од денот на неговото објавување вклучувајќи го и денот на објавувањето.

6.2. Крајниот рок за доставување на понудите е 52 дена од денот на неговото објавување вклучувајќи го и денот на објавувањето. Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се одржи три дена од денот на завршувањето на рокот за доставување на понудите, а електронското наддавање ќе се одржи два дена од отворањето на понудите. На јавното отворање на понудите може да присуствуваат лица со полномоштво за присуство од правното лице понудувач.

Понудите кои нема да бидат доставени во предвидениот рок нема да бидат разгледувани.

6.3. Јавниот конкурс ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија”, во најмалку две јавни гласила и на web – страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Бр. __________
од __________ 2012 година
Скопје

МИНИСТЕРТВО ЗА
ЗЕМЈОДЕЛСТВО,ШУМАРСТВО И
ВОДОСТОПАНСТВО